Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:12.03.2022 03:00:16
Reason:Документ со електронски печат
SERIALNUMBER=CRT3586703 + CN=e-sluzhben-vesnik-na-rsm, OU=EDB - 4030987108771, OU=EMBS - 4054857, O=JP Sluzhben vesnik na RSM, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 58** **12 март 2022, сабота** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 673. | **Одлука** за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата............................................... | 2 |
| 674. | **Одлука** за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка .................................................. | 2 |
| 675. | **Одлука** за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок ............................ | 4 |
| 676. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за регистрација на производителот, формата и содржината на барањето за бришење од Регистарот на производители со проширена одговорност, формата и содржината на Регистарот за производители со проширена одговорност, начинот на чување и одржување на Регистарот, како и формата и содржината на потврдата за регистрација и потврдата за бришење на производителот во Регистарот на производители со проширена одговорност (*)......................................... | 6 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**673.**

Врз основа на член 92 став (12) од Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21 и 57/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 март 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ЕНЕРГЕНТИТЕ, ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКАТА НА АКЦИЗАТА

Член 1

Со оваа одлука се определува видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата, согласно член 92 став (11) од Законот за акцизите (*).

Член 2

Видовите на енергенти од член 1 од оваа одлука се:

- Моторен бензин од тарифните ознаки 2710 12 45 00, 2710 12 49 00;
- Гасно масло како погонско гориво од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00 и 2710 20 19 00;
- Гасно масло како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00 и 2710 20 19 00.

Член 3

Пресметаната акциза од член 92 став (11) од Законот за акцизите (*) за видовите на енергенти од член 2 од оваа одлука се применува од 1-ви или од 15-ти во месецот, а во случај кога 1-ви или 15-ти во месецот е неработен ден, за датум на пресметка и за известување се смета првиот нареден ден.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 31 мај 2022 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-2228/1 | Претседател на Владата |
| 12 март 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски,** с.р. |

---

**674.**

Врз основа на член 30-в став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21 и 57/22) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на, 12 март 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ДОБРАТА И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ПРИМЕНА НА ПОВЛАСТЕНА ДАНОЧНА СТАПКА

Член 1

Со оваа одлука поблиску се определуваат видот на енергентите и временскиот период на примена на повластената даночна стапка во услови на постоење на можност од настанување на пореметување во снабдувањето на населението.

Член 2

(1) Енергентите за кои се применува повластената стапка на данокот на додадена вредност од 10% се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на Царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 2710124500 | Со октански број ( RON) од 95 или поголем, но помал од 98 |
| 2. | 2710124900 | Со октански број ( RON) од 98 или поголем |
| 3. | 2710194300 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса |
| 4. | 2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надмнува 0,002% по маса |
| 5. | 2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0.002% по маса, но не надмнува 0,1% по маса |
| 6. | 2710194800 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |
| 7. | 2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса |
| 8. | 2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надминува 0.1% по маса |
| 9. | 2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |
| 10. | 2711121100 | За употреба како погонско или енергетско гориво |
| 11. | 2711129400 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди: со чистота што надминува 90%, но помала од 99% |
| 12. | 2711129700 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди:<br>- Друго |
| 13. | 2711139100 | За други намени: Со чистота што надминува од 90%, но помала од 95% |
| 14. | 2711139700 | - Друго |
| 15. | 2711190000 | - Друго |
| 16. | 2711290000 | Во гасовита состојба: Друго |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува до 31 мај 2022 година.

Бр. 41-2229/1
12 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**675.**

Врз основа на член 24-г став (2), од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21 и 57/22) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 март 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ДОБРАТА И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ВО ЗЕМЈАТА СО ПРАВО НА ОДБИВКА НА ПРЕТХОДНИОТ ДАНОК**

Член 1

Со оваа одлука поблиску се определува видот на производите за човечка исхрана кои се ослободени од данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок, како и временскиот период на ослободувањето од плаќање на данокот на додадена вредност во услови на постоење на можност од настанување на пореметување во снабдувањето на населението.

Член 2

(1) Производите за човечка исхрана кои се ослободени од данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ под број/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| **1.** | 1905 90 30 00 | Леб без содржина на додаден мед, јајца, сирење или овошје и со содржина во сува состојба на шеќер не поголема од 5% по маса и на маснотии не поголема од 5% по маса |
| **2.** | 1701 99 10 00 | Бел шеќер |
| **3.** | Ex.1101 | Брашно од пченица или на полица<br><br>*тип 400 |
| 4. | 1512 19 90 00 | Масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции:<br>Друго: Друго |
| **5.** | Ex.0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер и други материи за засладување: со содржина на маснотија што надминува 1% но не надминува 6% по маса<br><br>*кравјо млеко со маснотии од 2,%, 3,2% и 3,5% |
| **6.** | Глава 2 | Месо и други кланични производи за јадење |
| **7.** | Ex.1006 30 | Ориз полубланширан или полубланширан, полиран или неполиран или глазиран<br><br>*бел ориз |
| **8.** | 0407 21 00 00 | Други свежи јајца од живина од видот Gallus domesticuc |

НАПОМЕНА:

Основни правила за употреба на табелите по однос на распоредувањето на стоките/добрата според царинската номенклатура, на кои стоки/добра се применува ослободување од данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок:

Ако пред тарифен број/тарифен под број/тарифна ознака/глава, во втората колона од табелите од став (1) на овој член не е наведена ознаката „ех", тогаш за сите стоки/добра кои согласно Законот за царинската тарифа се распоредуваат во тој/таа тарифен број/тарифен под број/тарифна ознака/глава се применува ослободување од данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок во смисла на член 24-г став (1) од Законот за данокот на додадена вредност.

Ако пред тарифен број/тарифен под број/тарифна ознака/глава, во втората колона од табелите е наведена ознаката "ех",тогаш ослободувањето од данок на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок во смисла на член 24-г став (1)од Законот за данокот на додадена вредност, нема да се применува за сите стоки/добра кои согласно Законот за царинската тарифа се распоредуваат во тој тарифен број/тарифен подброј /тарифна ознака/глава, туку ослободувањето од данок на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок, ќе се применува само за оние стоки/добра од тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава кои се во согласност со текстот кој што е наведен во третата колона од табелата пред кои има симбол „*“.

Член 3

Со денот на отпочнување со примената на оваа одлука се до 31 мај 2022 година нема да се применуваат одредбите од член 2 став (1) точка 1 од Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.293/21) кои се однесуваат на производите за човечка исхрана утврдени во член 2 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука ќе се применува од 17 март до 31 мај 2022 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2230/1
12 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**676.**

Врз основа на член 14 став (13) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ СО ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛИ СО ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ, НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА РЕГИСТАРОТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ПОТВРДАТА ЗА БРИШЕЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ СО ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за регистрација на производителот, формата и содржината на барањето за бришење од Регистарот на производители со проширена одговорност, формата и содржината на Регистарот за производители со проширена одговорност, начинот на чување и одржување на Регистарот, како и формата и содржината на потврдата за регистрација и потврдата за бришење на производителот во Регистарот на производители со проширена одговорност.

Член 2

(1) Барањето за регистрацијата на производителот во Регистарот на производители за проширена одговорност (во понатамошниот текст: Регистарот) се поднесува до Управата за животна средина (во понатамошниот текст: Стручниот орган) во електронска форма преку електронско аплицирање на посебна интернет страница.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 2013/56/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 20 ноември 2013 година за изменување на Директивата 2006/66/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори во однос на пласирањето на пазарот на преносливи батерии и акумулатори кои содржат кадмиум и се наменети за употреба во безжични електрични алати, како и батерии во форма на копче со ниска содржина на жива и за укинување на Одлуката 2009/603/ЕЗ на Комисијата (CELEX бр. 32013L0056) и Директивата 2012/19/EU на Европскиот Парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за отпад од електрична и електронска опрема. (CELEX бр. 32012L0019).

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Врз основа на барањето од член 2 став (1) од овој правилник, со доставување на точни податоци преку интернет страницата автоматски се издава потврда за регистрација на производителот во Регистарот, во електронска форма.

(2) Формата и содржината на потврдата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој се составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Производителите кои престанале со вршење на дејноста со која се врши пуштање производи на пазар или престанале да увезуваат како крајни корисници, производи од чија употреба се создаваат посебни текови на отпад согласно со прописите за посебните текови на отпад, поднесуваат електронско барање преку интернет страницата до Стручниот орган за бришење од Регистарот.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член, се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) По поднесување на барањето од член 4 став (1) од овој правилник, доколку производителот ги има исполнето обврските за проширена одговорност на производителот, од страна на Стручниот орган во електронска форма се издава потврда за бришење на производителот од Регистарот.

(2) Формата и содржината на потврдата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

(1) Регистарот се води во електронска форма од страна на Стручниот орган според :

- видот и категоријата на производот;
- видот на отпадот за секој тек на отпад одделно што се создава од отпадниот производ, а кои се утврдени во прописите за посебните текови на отпад и
- видот на производителот по обем (производител и мал производител).

(2) Формата и содржината на Регистарот се дадени во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

(1) Регистарот се одржува од страна на Стручниот орган, со редовно ажурирање за секоја година.

(2) Податоците од Регистарот се заклучуваат со електронски потпис на овластеното службено лице и секоја промена треба да биде потврдена со електронски потпис од овластеното службено лице.

(3) Податоците во Регистарот се чуваат седум години согласно прописите за канцелариско и архивско работење.

Член 8

Поднесувањето на барањето за регистрација и барањето за бришење на производителот од Регистарот, издавањето на потврдата за регистрација и потврдата за бришење на производителот од Регистарот, како и водењето, чувањето и одржувањето на Регистарот ќе се врши по писмен пат до 30 јуни 2022 година.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за формата и содржината на барањето за регистрација на производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема, формата и содржината на регистарот на производители кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во Република Македонија електрична и електронска опрема, начинот на неговото водење и одржување, како и формата и содржината на потврдата за упис во регистарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.133/12 и 77/14), Правилникот за формата, содржината и начинот на доставувањето на барањето за регистрација на производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија батерии и акумулатори, начинот на воспоставување на регистарскиот број, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на производители кои пуштаат на пазар во Република Македонија батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/11 и 111/14) и Правилникот за форма и содржина на образецот и начинот на водење на евиденција на колективни постапувачи и на производители кои склучиле договор за преземање на обврски за постапување со отпадната опрема со колективен постапувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/14).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13-1358/2<br>10 март 2022 година<br>Скопје | Министер за животна средина<br>и просторно планирање,<br>**Насер Нуредини,** с.р. |

Прилог 1

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Управа за животна средина**

До: Министерството за животна средина и просторно планирање
Управа за животна средина - Скопје

Барање за регистрација на производител во Регистарот на производители за проширена одговорност

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на производителот | |
| 2. | Дејност | |
| 3. | Трговска марка (доколку ја има) | |
| 4. | Единствен број на деловниот субјект | |
| 5. | Даночен број | |
| 6. | Адреса на производителот | |
| 6.1 | Поштенски број и седиште, улица и број | |
| 6.2 | Телефонски број | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.3 | Веб адреса | | | | |
| 7. | Лице за контакт – име и презиме, адреса | | | | |
| 7.1 | Телефон | | | | |
| 7.2 | Електронска пошта | | | | |
| 8. | Вид и категорија на пуштени производи на пазарот | | | | |
| | | | Вид на материјал | Тарифен број | Вкупно маса (kg по единица производ): |
| | | Пакување од течни производи | ПЕТ | | |
| | | | Друга пластика | | |
| | | | Композитни материјали | | |
| | | | Al метал | | |
| | | | Fe метал | | |
| | | | Стакло | | |
| | | Пакување на други производи | ПЕТ | | |
| | | | Друга пластика | | |
| | | | Композитни материјали | | |
| | | | Fe метал | | |
| | | | Al метал | | |
| | | | Стакло | | |
| | | | Хартија и картон | | |
| | | | Дрво | | |
| | | | Текстил | | |
| | | Секундарно пакување за | ПЕТ | | |
| | | | Друга пластика | | |
| | | | Композитни материјали | | |
| 8.1 | Пакувани производи | | Fe метал | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сите производи | Al метал | | |
| | | | Стакло | | |
| | | | Хартија и картон | | |
| | | | Дрво | | |
| | | | Текстил | | |
| | | Терциерно пакување за сите производи | ПЕТ | | |
| | | | Друга пластика | | |
| | | | Композитни материјали | | |
| | | | Fe метал | | |
| | | | Al метал | | |
| | | | Стакло | | |
| | | | Хартија и картон | | |
| | | | Дрво | | |
| | | | Текстил | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8.2 | Електрична и електронска опрема | Категорија | Тарифен број | Вкупно маса (kg по единица производ): |
| | | Опрема за температурна размена; | | |
| | | Екрани, монитори и опрема која има екрани со површина поголема од 100 $cm^2$; | | |
| | | Светилки | | |
| | | Голема опрема | | |
| | | Мала опрема | | |
| | | Мала информатичко - комуникациска технологија и телекомуникациска опрема | | |
| 8.2.1 | Заокружете соодветно | | - Нова опрема<br>- Употребувана опрема | |
| | | Вид | Тарифен број | Вкупно маса (kg по единица производ): |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8.3 | Батерии и акумулатори | Преносна батерија или акумулатор | | |
| | | Батерија во форма на копче | | |
| | | Автомобилска батерија или акумулатор | | |
| | | Индустриска батерија или индустриски акумулатор | | |
| | | Батериско пакување | | |
| 8.4 | Текстил | Вид | Тарифен број | Вкупно маса (kg по единица производ): |
| | | Детска облека | | |
| | | Облека од големина S | | |
| | | Облека од големина M/L | | |
| | | Облека од големина XL и поголема | | |
| | | Метража која не е поголема од 20 cm во која било димензија | | |
| | | Метража која не е поголема од 20 cm – 1 метар во која било димензија | | |
| | | Метража која е поголема од 1 метар во која било димензија | | |
| | | Теписи, килими | | |
| 8.4.1 | Заокружете соодветно | | – Нови производи<br>– Употребувани производи | |
| 8.5 | Масла | Вид | Тарифен број | Вкупно маса (l): |
| | | Моторни масла | | |
| | | Масла за менувачи | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Течности за сопирачки | | |
| | | Хидраулични масла | | |
| | | Масти | | |
| 8.5.1 | Заокружете соодветно | | – Нови производи<br>– Употребувани производи | |
| 8.6 | Гуми | Вид | Тарифен број | Вкупно маса (kg по единица производ): |
| | | Автомобил | | |
| | | Мотор | | |
| | | Комбе | | |
| | | Камион | | |
| | | Автобус | | |
| | | Трактор | | |
| | | Мотоцикл | | |
| | | Земјоделска работна машина | | |
| | | Градежни и други работни машини | | |
| | | Други | | |
| 8.6.1 | Заокружете соодветно | | – Нови производи<br>– Употребувани производи | |
| 8.7 | Возила | Вид | Тарифен број | Вкупно парчиња |
| | | Моторно возило од категорија M1 | | |
| | | Моторно возило од категорија N1 | | |
| | | Моторни возила со три тркала во согласност прописите за возила | | |
| 8.7.1 | Заокружете соодветно | | – Нови производи<br>– Употребувани производи | |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Информации за начинот на кој производителот ги исполнува или ќе ги исполни обврските што произлегуваат од Законот (да се заокружи) | – Колективен постапувач<br>– Самостоен постапувач<br>– Мал производител |

Изјава од овластеното лице:

Изјавувам дека приложените информации за регистрација се вистинити.

______________________ ______________________

Датум и место на поднесување м.п. Име и презиме и потпис на подносителот на барањето

Прилог 2

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**
**Управа за животна средина**

**Потврда за регистрација на производителот во Регистарот на производители со проширена одговорност**

________________________________________________

(назив на правното лице)

е регистрирано како производител на __________________________ согласно прописите за проширена одговорност на производителите со регистрациски број __________________________.

Датум и место на издавање

______________________________

Име и презиме и потпис
на одговорното лице

______________________________

м.п.

Прилог 3

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Управа за животна средина**

До: Министерство за животна средина и просторно планирање

Управа за животна средина

**Барање за бришење од Регистарот на производители со проширена одговорност**

Правното лице ________________________________ со регистрациски број ________________________ издаден на ____________________, бара да се избрише од Регистарот на производители со проширена одговорност, бидејќи престана со вршење на дејноста со која:

1. се врши пуштање производи на пазар и/или
2. увезува производи како краен корисник

од чија употреба се создаваат посебни текови на отпад согласно со прописите за посебните текови на отпад.

| | |
|---|---|
| Датум и место на поднесување | Име и презиме и потпис на подносителот на барањето |
| ________________________________ | ________________________________ |

м.п.

Прилог 4

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Управа за животна средина**

**Потврда за бришење на производителот од Регистарот на производители со проширена одговорност**

______________________________________________

(назив на правното лице)

регистрирано како производител на ____________________ согласно прописите за проширена одговорност на производителите со регистрациски број ____________________ се брише од Регистарот на производители со проширена одговорност.

| | |
|---|---|
| Датум и место на издавање | Име и презиме и потпис на одговорното лице |
| ____________________ | ____________________ |

м.п.

Прилог 5

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**
**Управа за животна средина**

## РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ СО ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ

| 1.Реден број | 2. Регистрациски број на производителот | 3. Име и седиште на производ ителот | 4. Телефон<br>Е-адреса<br>Веб страница<br>Лице за контакт | 5. Видот на производителот по обем (производител или мал производител) | 6. Начин на исполнување на обврските<br>(колективно или самостојно) | 7. Вид и категорија на производот | 8. Видот на отпадот што се создава од отпадните производ | 9. Начин на продажба | 10.Количин а на производи пуштени на пазар (тони или парчиња) | 11.Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Në bazë të nenit 14 paragrafit (13) të Ligjit për përgjegjësinë e zgjeruar të prodhuesit për menaxhimin e rrjedhave të veçanta të mbeturinave (*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 215/21), ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, sjellë

**RR E G U LL O R E**
**PËR FORMËN DHE PËRMBAJTJEN E KËRKESËS PËR REGJISTRIMIN E PRODHUESIT, FORMËN DHE PËRMBAJTJEN E KËRKESËS PËR FSHIRJE NGA REGJISTRI I PRODHUESVE ME PËRGJEGJËSI TË ZGJERUAR, FORMËN DHE PËRMBAJTJEN E REGJISTRIT TË PRODHUESVE ME PËRGJEGJËSI TË ZGJERUAR, MËNYRËN E RUAJTJES DHE MBAJTJES SË REGJISTRIT, DHE FORMËN DHE PËRMBAJTJEN E VËRTETIMIT TË REGJISTRIMIT DHE CERTIFIKATËN E FSHIRJES SË PRODHUESIT NË REGJISTRIN E PRODHUESVE ME PËRGJEGJËSI TË ZGJERUAR (*[*])**

Neni 1

Kjo Rregullore përcakton formën dhe përmbajtjen e kërkesës për regjistrimin e prodhuesit, formën dhe përmbajtjen e kërkesës për fshirje nga Regjistri i prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar, formën dhe përmbajtjen e Regjistrit të prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar, mënyrën e ruajtjes dhe mbajtjes së Regjistrit, si dhe formën dhe përmbajtjen e vërtetimit të regjistrimit dhe vërtetimit të fshirjes së prodhuesit në Regjistrin e prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar.

Neni 2

(1) Kërkesa për regjistrimin e prodhuesit në Regjistrin e prodhuesve për përgjegjësi të zgjeruar (në tekstin e mëtejmë: Regjistri) i dorëzohet Drejtorisë për Mjedis Jetësor (në tekstin e mëtejmë: Organi profesional) në formë elektronike përmes aplikimit elektronik në ueb-faqe të veçantë.

(2) Forma dhe përmbajtja e kërkesës për regjistrim nga paragrafi (1) të këtij neni janë dhënë në Shtojcën 1, e cila është pjesë përbërëse e kësaj Rregulloreje.

Neni 3

(1) Në bazë të kërkesës nga neni 2 paragrafi (1) i kësaj Rregulloreje, me dorëzimin e të dhënave të sakta përmes ueb-faqes, automatikisht merret konfirmimi në formë elektronike për regjistrimin e prodhuesit në regjistër.

(2) Forma dhe përmbajtja e vërtetimit nga paragrafi (1) të këtij neni janë dhënë në shtojcën 2 të kësaj Rregulloreje.

Neni 4

(1) Prodhuesit të cilët kanë pushuar së kryeri veprimtarinë e vendosjes së produkteve në treg ose kanë pushuar së importuari si shfrytëzues të fundit, produkte nga përdorimi i të cilave krijohen rrjedha të veçanta të mbeturinave në përputhje me rregulloret për rrjedhat e veçanta të mbeturinave, duhet të paraqesin kërkesë elektronike nëpërmjet faqes së internetit tek organi ekspert për fshirje nga Regjistri.

(2) Forma dhe përmbajtja e kërkesës nga paragrafi (1) i këtij neni për fshirje nga Regjistri janë dhënë në shtojcën 3, e cila është pjesë përbërëse e kësaj Rregulloreje.

Neni 5

(1) Pas paraqitjes së kërkesës nga neni 4 paragrafi (1) i kësaj Rregulloreje, nëse prodhuesi i ka përmbushur obligimet për përgjegjësinë e zgjeruar të prodhuesit, nga Organi Profesional në formë elektronike lëshohet një vërtetim për fshirjen e prodhuesit nga Regjistri.

(2) Forma dhe përmbajtja e vërtetimit nga paragrafi (1) i këtij neni janë dhënë në shtojcën 4, e cila është pjesë përbërëse e kësaj Rregulloreje.

[*] Me këtë Rregullore bëhet harmonizimi me Direktivën 2013/56 / KE të Parlamentit Evropian dhe të Këshillit nga 20 nëntor 2013 për ndryshimin e Direktivës 2006/66 / KE të Parlamentit Evropian dhe të Këshillit për bateritë dhe akumulatorët dhe për mbeturinat e baterive dhe akumulatorëve në lidhje me vendosjen në treg të baterive portative dhe akumulatorëve që përmbajnë kadmium dhe të destinuara për përdorim në vegla elektrike pa tela, si dhe bateritë në formë të butonit me përmbajtje të ulët të zhivës dhe shfuqizimin e Vendimit 2009/603/KE të Komisionit (CELEX Nr. 32013L0056) dhe Direktivës 2012/19/BE e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit të 4 korrikut 2012 për mbeturinat e pajisjeve elektrike dhe elektronike. (CELEX Nr. 32012L0019).

Neni 6

(1) Regjistri mbahet në formë elektronike nga Organi Profesional sipas:

- llojit dhe kategorisë së produktit;

- llojit të mbeturinave për çdo rrjedhë të mbeturinash të krijuar veçmas nga prodhimet e mbeturinave, të cilat përcaktohen në rregulloret për rrjedhat e veçanta të mbeturinave dhe

- llojit të prodhuesit sipas vëllimit (prodhuesi dhe prodhuesi i vogël).

(2) Forma dhe përmbajtja e Regjistrit janë dhënë në Shtojcën 5, e cila është pjesë përbërëse e kësaj Rregulloreje.

Neni 7

(1) Regjistrin e mban Organi Profesional me përditësim të rregullt, për çdo vit.

(2) Të dhënat nga Regjistri mbyllen me nënshkrim elektronik të zyrtarit të autorizuar, ndërsa çdo ndryshim duhet të vërtetohet me nënshkrim elektronik të zyrtarit të autorizuar.

(3) Të dhënat në regjistër mbahen shtatë vjet në pajtim me rregulloren për punë zyre dhe arkivore.

Neni 8

Paraqitja e kërkesës për regjistrim dhe kërkesa e prodhuesit për fshirje nga Regjistri, dhënia e vërtetimit së regjistrimit dhe vërtetimit për fshirjen e prodhuesit nga Regjistri, si dhe mirëmbajtja, ruajtja dhe mbajtja e Regjistrit do të kryhet me shkrim deri më 30 qershor 2022.

Neni 9

Me ditën e hyrjes në fuqi të kësaj Rregulloreje pushojnë së vlefshmi Rregullorja për formën dhe përmbajtjen e kërkesës për regjistrimin e prodhuesve që vendosin në treg ose importojnë si shfrytëzues të fundit në Republikën e Maqedonisë pajisjet elektrike dhe elektronike, formën dhe përmbajtjen e regjistrit të prodhuesve që lëshojnë në treg ose importojnë si shfrytëzues të fundit në Republikën e Maqedonisë pajisjet elektrike dhe elektronike, mënyrën e udhëheqjen dhe mirëmbajtjes së tyre, si dhe formën dhe përmbajtjen e vërtetimit të regjistrimit në regjistër (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 133/12 dhe 77/14), Rregullorja për formën, përmbajtjen dhe mënyrën e paraqitjes së kërkesës për regjistrimin e prodhuesve të cilët vendosin në treg ose importojnë bateri dhe akumulatorë në Republikën e Maqedonisë, mënyrën e përcaktimit të numrit të regjistrimit, si dhe formën, përmbajtjen dhe mënyrën e udhëheqjes së Regjistrit të prodhuesve që lëshojnë në tregun Republikës së Maqedonisë bateri dhe akumulatorë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 36/11 dhe 111/14) dhe Rregulloren për formën dhe përmbajtjen e formularit dhe mënyrën e mbajtjes së evidencës së operatorëve kolektivë dhe prodhuesve të cilët kanë lidhur marrëveshje për marrjen e obligimeve për trajtimin e pajisjeve të mbeturinave me vepruesin kolektiv (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 13/14).

Neni 10

Kjo Rregullore hyn në fuqi ditën pasardhëse nga dita e publikimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

| | |
|---|---|
| Nr.13-1358/2 | Ministër i Mjedisit Jetësor |
| 10.3.2022 | dhe Planifikimit Hapësinor, |
| Shkup | **Naser Nuredini,** d.v. |

**Прилог 1/ Shtojca 1**

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

До/ Drejtuar: Министерството за животна средина и просторно планирање/ Ministrisë së Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor
Управа за животна средина – Скопје/Drejtorisë së Mjedisit Jetësor - Shkup

Барање за регистрација на производител во Регистарот на производители за проширена одговорност/ Kërkesa për regjistrimin e prodhuesit në Regjistrin e prodhuesëve për përgjegjësi të prodhuar

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на производителот/ Emri i prodhuesit | |
| 2. | Дејност/ Veprimtari | |
| 3. | Трговска марка (доколку ја има)/Marka tregtare (nëse ka) | |
| 4. | Единствен број на деловниот субјект/ Numri unik i subjektit afarist | |
| 5. | Даночен број/Numri tatimor | |
| 6. | Адреса на производителот/ Adresa e prodhuesit: | |
| 6.1 | Поштенски број и седиште, улица и број /Numri | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | postar dhe selia, rruga dhe numri | | | | |
| 6.2 | Телефонски број/ Numri i telefonit | | | | |
| 6.3 | Веб адреса/ Faqe interneti | | | | |
| 7. | Лице за контакт – име и презиме, адреса /Personi për kontakt - emri, adresa | | | | |
| 7.1 | Телефон/Telefoni | | | | |
| 7.2 | Електронска пошта/Posta elektronike | | | | |
| 8. | Вид и категорија на пуштени производи на пазарот /Lloji dhe kategoria e produkteve të nxjerra në treg | | | | |
| | | | Вид на материјал/Lloji i materialit | Тарифен број /Numri tarifor | Вкупно маса (kg по единица производ):/Pesha totale (kg për njësi të produktit): |
| | | Пакување од течни производи/ Paketimi i produkteve të lëngshme | ПЕТ/PET | | |
| | | | Друга пластика/ Plastikë tjetër | | |
| | | | Композитни материјали/ Materiale kompozite | | |
| | | | Al метал / Al metal | | |
| | | | Fe метал/ Fe metal | | |
| | | | Стакло/ Qelqi | | |
| | | | ПЕТ /PET | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8.1 | Пакувани производи/ Produkte të paketuara | Пакување на други производи/ Paketimi i produkteve të tjera | Друга пластика/ Plastikë tjetër | | |
| | | | Композитни материјали/ Materiale kompozite | | |
| | | | Fe метал/ Fe metal | | |
| | | | Al метал / Al metal | | |
| | | | Стакло/ Qelqi | | |
| | | | Хартија и картон /Letër dhe karton | | |
| | | | Дрво / Druri | | |
| | | | Текстил/Teks til | | |
| | | Секундарно пакување за сите производи/ Paketim dytësor për të gjitha produktet | ПЕТ/PET | | |
| | | | Друга пластика/ Plastikë tjetër | | |
| | | | Композитни материјали/ Materiale kompozite | | |
| | | | Fe метал/Fe metal | | |
| | | | Al метал / Al metal | | |
| | | | Стакло/ Qelqi | | |
| | | | Хартија и картон / Letër dhe karton | | |
| | | | Дрво / Druri | | |
| | | | Текстил/Teks til | | |
| | | | ПЕТ / PET | | |
| | | | Друга пластика/ Plastikë tjetër | | |
| | | | Композитни материјали/ | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Терциерно пакување за сите производи/ Paketim terciar për të gjitha produktet | Materiale kompozite | | |
| | | | Fe метал/ Fe metal | | |
| | | | Al метал/Al metal | | |
| | | | Стакло/Qelqi | | |
| | | | Хартија и картон/Letër dhe karton | | |
| | | | Дрво/Druri | | |
| | | | Текстил/ Tekstil | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8.2 | Електрична и електронска опрема / Pajisje elektrike dhe elektronike | Категорија/ Kategoria | Тарифен број/ Numri tarifor | Вкупно маса (kg по единица производ):/Pesha totale (kg për njësi të produktit): |
| | | Опрема за температурна размена;/Pajisje për shkëmbimin e temperaturës; | | |
| | | Екрани, монитори и опрема која има екрани со површина поголема од 100 $cm^2$;/Ekrane, monitorë dhe pajisje që kanë ekrane më të mëdha se 100 $cm^2$; | | |
| | | Светилки/Llambat | | |
| | | Голема опрема/Pajisje të mëdha | | |
| | | Мала опрема/Pajisje të vogla | | |
| | | Мала информатичко - комуникациска технологија и телекомуникациск | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | а опрема/ Pajisje të vogla të teknologjisë së informacionit dhe komunikimit dhe telekomunikacionit | | |
| 8.2.1 | Заокружете соодветно/Rrethoni të përshtatshmen | | - Нова опрема/ Pajisje të reja<br>- Употребувана опрема/Pajisje të përdorura | |
| 8.3 | Батерии и акумулатори/ Bateri dhe akumulatorë | Вид/ Lloji | Тарифен број/Numri tarifor | Вкупно маса (kg по единица производ):/Pesha totale (kg për njësi të produktit): |
| | | Преносна батерија или акумулатор/Bateri ose akumulator portativ | | |
| | | Батерија во форма на копче/ Bateri në formë të butonit | | |
| | | Автомобилска батерија или акумулатор/Bateri ose akumulator i automjetit | | |
| | | Индустриска батерија или индустриски акумулатор/Bateri industriale ose akumulator industrial | | |
| | | Батериско пакување / Paketim i baterive | | |
| 8.4 | Текстил /Tekstil | Вид /Lloji | Тарифен број/ Numri tarifor | Вкупно маса (kg по единица производ):/Pesha totale (kg për njësi të produktit): |
| | | Детска облека/ Rroba për fëmijë | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Облека од големина S /Rroba me madhësi S | | |
| | | Облека од големина M/L/ Rroba me madhësi M/L | | |
| | | Облека од големина XL и поголема/Rroba me madhësi XL dhe më të mëdha | | |
| | | Метража која не е поголема од 20 cm во која било димензија / Masa jo më e madhe se 20 cm në çdo dimension | | |
| | | Метража која не е поголема од 20 cm – 1 метар во која било димензија/ Masa jo më e madhe se 20 cm - 1 metër në çdo dimension | | |
| | | Метража која е поголема од 1 метар во која било димензија/ Masa më e madhe se 1 metër në çdo dimension | | |
| | | Теписи, килими/ Tapete, qilima | | |
| 8.4.1 | Заокружете соодветно / Rrethoni të përshtatshmen | | | – Нови производи/Prodhime të reja<br>– Употребувани производи/Produkte të përdorura |
| 8.5 | Масла /Vajra | Вид /Lloji | Тарифен број/ Numri tarifor | Вкупно маса (l):/Pesha totale (l): |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Моторни масла/Vajrat e motorit | | |
| | | Масла за менувачи /Vajrat e ingranazheve | | |
| | | Течности за сопирачки/Lëngjet e frenave | | |
| | | Хидраулични масла/Vajra hidraulikë | | |
| | | Масти/Vajra | | |
| 8.5.1 | Заокружете соодветно/Rrethoni të përshtatshmen | | – Нови производи/ Të reja<br>– Употребувани производи/ Të përdorura | |
| 8.6 | Гуми / Goma | Вид / Lloji | Тарифен број /Numri tarifor | Вкупно маса (kg по единица производ):/Pesha totale (kg për njësi të produktit): |
| | | Автомобил/ Automobil | | |
| | | Мотор / Motor | | |
| | | Комбе / Furgon | | |
| | | Камион / Kamion | | |
| | | Автобус / Autobus | | |
| | | Трактор / Traktor | | |
| | | Мотоцикл/Motoçikletë | | |
| | | Земјоделска работна машина/Makinë punuese bujqësore | | |
| | | Градежни и други работни машини/ Makina ndërtimi dhe për pune të tjera | | |
| | | Други/Të tjera | | |

<table>
<tr><td>8.6.1</td><td colspan="3">Заокружете соодветно / Rrethoni të përshtatshmen</td><td>– Нови производи/Të reja<br>– Употребувани производи/Të përdorura</td></tr>
<tr><td rowspan="4">8.7</td><td rowspan="4">Возила/ Automjete</td><td>Вид / Lloji</td><td>Тарифен број/ Numri tarifor</td><td>Вкупно парчиња/Totali i copave</td></tr>
<tr><td>Моторно возило од категорија M1/Automjet motorik i kategorisë M1</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Моторно возило од категорија N1/Automjet motorik i kategorisë N1</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Моторни возила со три тркала во согласност прописите за возила / Mjetet motorike me tre rrota në përputhje me rregulloret e automjeteve</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>8.7.1</td><td colspan="3">Заокружете соодветно/ Rrethoni të përshtatshmen</td><td>– Нови производи/Të reja<br>– Употребувани производи/ Të përdorura</td></tr>
<tr><td>9.</td><td colspan="3">Информации за начинот на кој производителот ги исполнува или ќе ги исполни обврските што произлегуваат од Законот (да се заокружи)/ Informacion mbi mënyrën se si prodhuesi përmbush ose do të përmbushë detyrimet që dalin nga ligji (të rrumbullakosët)</td><td>– Колективен постапувач/ Veprimtar kolektiv<br>– Самостоен постапувач/ Veprimtar i pavarur<br>– Мал производител/Prodhues i vogël</td></tr>
</table>

Изјава од овластеното лице:/Deklaratë nga personi i autorizuar:

Изјавувам дека приложените информации за регистрација се вистинити./Deklaroj se informacioni i bashkangjitur i regjistrimit është i vërtetë.

__________________ __________________

Датум и место на поднесување/ Име и презиме и потпис на подносителот на барањето

Data dhe vendi i dorëzimit м.п/ v.v. Emri dhe mbiemri dhe nënshkrimi i parashtruesit të kërkesës

**Прилог 2/ Shtojca 2**

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

**Потврда за регистрација на производителот во Регистарот на производители со проширена одговорност/ Vërtetimi i regjistrimit të prodhuesit në Regjistrin e prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar**

____________________________________________________

(назив на правното лице/ emri i personit juridik)

е регистрирано како производител на ____________________________ согласно прописите за проширена одговорност на производителите со регистрациски број ____________________________.

është regjistruar si prodhues i ____________________________ në përputhje me rregulloret për përgjegjësinë e zgjeruar të prodhuesve me numër regjistrimi ____________________________.

Датум и место на издавање
Data dhe vendi i lëshimit

____________________________

Име и презиме и потпис
на одговорното лице
Emri dhe Mbiemri dhe
nënshkrimi i personit përgjegjës

____________________________

м.п./v.v.

**Shtojca 3**

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

До/Drejtuar: Министерство за животна средина и просторно планирање/Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Управа за животна средина/ Drejtorisë së Mjedisit Jetësor

**Барање за бришење од Регистарот на производители со проширена одговорност**

**Kërkesë për fshirje nga Regjistri i Prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar**

Правното лице ________________________ со регистрациски број ____________________ издаден на ________________, бара да се избрише од Регистарот на производители со проширена одговорност, бидејќи престана со вршење на дејноста со која:

Personi juridik ________________________ me numër regjistrimi ____________________ të lëshuar më ________________, kërkon të fshihet nga Regjistri i Prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar për shkak se ka pushuar së kryeri veprimtarinë me të cilën:

1. се врши пуштање производи на пазар и/или/ lëshohen produktet në treg dhe/ose
2. увезува производи како краен корисник /importon produkte si përdorues të fundit

од чија употреба се создаваат посебни текови на отпад согласно со прописите за посебните текови на отпад.

nga përdorimi i të cilave krijohen rrjedha të veçanta mbetjesh në përputhje me rregulloret për rrjedhat e veçanta të mbetjeve.

| | |
|---|---|
| Датум и место на поднесување | Име и презиме и потпис на подносителот на барањето |
| Data dhe vendi i parashtrimit | Emri dhe Mbiemri dhe nënshkrimi i parashtruesit të kërkesës |
| ______________________ | ______________________ |

м.п./v.v.

**Прилог 4/ Shtojca 4**

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

**Потврда за бришење на производителот од Регистарот на производители со проширена одговорност**

**Vërtetim për fshirjen e prodhuesit nga Regjistri i prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar**

_______________________________________________

(назив на правното лице/emri i personit juridik)

регистрирано како производител на ____________________ согласно прописите за проширена одговорност на производителите со регистрациски број ____________________ се брише од Регистарот на производители со проширена одговорност.

i regjistruar si prodhues i ____________________ në përputhje me rregulloren për përgjegjësinë e zgjeruar të prodhuesve me numër regjistrimi ____________________ fshihet nga Regjistri i prodhuesve me përgjegjësi të zgjeruar.

Датум и место на издавање

Data dhe vendi i lëshimit

____________________

Име и презиме и потпис на одговорното лице

Emri dhe mbiemri dhe nënshkrimi i personit përgjegjës

____________________

м.п./v.v.

**Прилог 5/ Shtojca 5**

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

## РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ СО ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ
## REGJISTRI I PRODHUESVE ME PËRGJEGJËSI TË ZGJERUAR

| 1. Реден Број/ Numri rendor | 2. Регистрациски број на производителот / Numri i regjistrimit të prodhuesit | 3. Име и седиште на производителот / Emri dhe vendqëndrimi i prodhuesit | 4. Телефон /Telefoni E-адреса/Adresa e postës elektronike<br>Веб страница/Faqja e internetit<br>Лице за контакт/Personi kontaktues | 5. Видот на производителот по обем (производител или мал производител)/ Lloji i prodhuesit sipas vëllimit (prodhues ose prodhues i vogël) | 6. Начин на исполнување на обврските<br>(колективно или самостојно)/ Mënyra e përmbushjes së detyrimeve<br>(kolektivisht ose individualisht) | 7. Вид и категорија на производот/ Lloji dhe kategoria e produktit | 8. Видот на отпадот што се создава од отпадните производ/<br>Lloji i mbetjeve të krijuara nga produkti i mbeturinave | 9. Начин на продажба/ Mënyra e shitjes | 10. Количина на производи пуштени на пазар (тони или парчиња)/Sasia e produkteve të lëshuara në treg (ton ose copa) | 11. Забелешка/ Vërejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29, Поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2022 година изнесува 12.200 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово**

**ISSN 0354-1622**
**Цената на овој број е 90 денари.**